Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

| Примено: 26.07.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 14-985/18 | | | |

# Записник од 31-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 01.07.2021 година | **Време** | 10.30 – 11:30 часот |
| **Бр. на седница** | 31-ва седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Платин Салиу и Ариан Ибраими (МРД), Љубен Талев (независен експерт), Ана Малцева (Канцеларија на претседателот на Владата) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, Мишко Талески, Ангел Симов и Букурије Јашари Мемети (МИОА), Владимир Радосављевиќ (МИОА) | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / E pranuar: 26-07-21 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numer | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 14 | 985/18 | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 17.06.2021 година.

2. Продолжување на дискусијата за Информацијата до Владата за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини (согласно Програмата за работа на Владата за 2021 година), со Предлог заклучоци.

3. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, го отвори продолжението на 30-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 30-та седница, одржана на 17.06.2021 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамки на втората точка, продолжи дискусијата за Информацијата до Владата за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површина, Буковалов истакна дека од страна на членовите Славица Настеска и Зоран Дервишов се доставени забелешки и предлози по однос на предлог текстот на Информацијата.

Членот на НКБК, Славица Настеска, освен забелешките кои се во насока на допрецизирање на текстот на Информацијата, посочи забелешки и во однос на предложениот рок за подготовката на Листата на локации на WiFi точки од страна на ЈП МРД.

Зоран Дервишов, нагласи дека постапката за обезбедување на бесплатен државен WiFi треба да биде реализирано во неколку фази, при што во првата фаза поврзувањето до WiFi точките треба да го обезбедуваат самите оператори а треба да се има предвид постоењето на оптичка мрежа во државна сопственост. Со подготовката на Студијата за изводливост на НТОМ ќе се утврди кои WiFi точки ќе треба да бидат поврзани од страна на ЈП МРД. Дополнително, Дервишов предложи Информацијата да се дополни во однос на тоа кои податоци треба да ги содржи Листата на локации на WiFi точки (на пример назив/опис на локацијата, населеното место, итн).

Буковалов истакна дека дефинирањето на техничките карактеристики на WiFi точките претставуваат едно од најбитните работи во процесот, истите ќе влијаат врз ефикасноста на обезбедувањето на услугата како и на вкупниот годишен надоместок кој ќе треба државата да го плаќа на операторите кои ќе ја обезбедуваат услугата. Во висината на надоместокот ќе влијае и начинот на поврзување на WiFi точките од страна на операторите (безжично/кабел/оптика). Буковалов смета дека за да се обезбеди централизиран пристап по најоптимални цени за државата и услуги со најдобар квалитет најдобро би било по пат на јавна набавка да се избере еден оператор на ниво на цела држава и во прва фаза да се оди со минимални технички карактеристики на WiFi точките.

Боро Јакимовски се согласи со предлогот дека во првата фаза треба да се оди со минимални технички карактеристики на WiFi точките и истакна дека е потребно

заедно со операторите да се дефинираат WiFi точките согласно буџетот, како и согласно нивна приоритизација.

Славица Настеска го прифати пристапот процесот да се одвива во фази при ќе треба во Информацијата до Влада да се утврдат конкретните чекори/активности кои ќе треба да бидат спроведени.

Независниот експерт, Љубен Талев, истакна дека потребно е јасно да се одреди крајниот временски рок кога целиот проект ќе се реализира и Владата прецизно да утврди кој субјект ќе биде носител и одговорен за целиот процес.

Платин Салиу истакна дека согласно НОБП треба да се отвори дискусија за дефинирањето на целните области кои од ЈП МРД ќе треба да се покријат со пристапна бродбенд инфраструктура и за вклучувањето на операторите во рана фаза. ЈП МРД веќе има подготвено допис кој ќе се испрати до општините, во кој детално се образложени Препораките на НКБК за WiFi точки.

**Заклучок**

До следната седница на НКБК, Секторот за комуникации да подготви финална верзија на Информацијата за обезбедување бесплатен државен WiFi на отворени јавни површини и истата да ја достави до членовите на НКБК.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно„ Буковалов информираше за подготовката на дописот на МФ/МИОА кој ќе треба да се достави до Светска Банка, согласно последниот заклучок на Влада за спроведување на добиената техничка помош од WBIF.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________